СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 22 број 8	Чешиново-Облешево 04.06.2026 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Информацијата за состојбата со наводнувањето во општина Чешиново-Облешево за пролетната сеидба

I

Се усвојува Информацијата за состојбата со наводнувањето во општина Чешиново-Облешево, за пролетната сеидба, презентирана од претставник на АД Водостопанство на РСМ подружница “Брегалница“ Кочани.

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1096/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина ЧешиновоОблешево донесе:

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со наводнувањето во општина ЧешиновоОблешево за пролетната сеидба

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со наводнувањето во општина ЧешиновоОблешево за пролетната сеидба, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1116/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став , точка 28 од Статутот на општина ЧешиновоОблешево (Службен гласник на општина ЧешиновоОблешево бр.6/2015), а во согласност со член 17 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на барање за услогласување на составот на Надзорен одбор на ЈПКД “Облешево” со Законот за јавните претријатија

Член 1

Од Надзорен одбор на ЈПКД „Облешево“ се одземаат членовите:
1.Александра Гицова
2.Александра Јосифова

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1097/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина ЧешиновоОблешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување и објавување на барањето за услогласување на Надзорен одбор на ЈПКД “Облешево” со Законот за јавните претпријатија

1.Го прогласувам барањето за услогласување на Надзорен одбор на ЈПКД “Облешево” со Законот за јавните претпријатија , што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1115/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на барање од Ило Ваневски за одобрување финансии за приклучок на електродистрибутивна мрежа за Борче Димитров

Член 1

Се одобрува барањето на Ило Ваневски од с.Облешево и се одобруваат финансии за приклучок на електродистрибутивна мрежа. Истата ќе биде приклучена на објектот на Борче Димитров К.П. 5696/1 КО Облешево

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1098/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина ЧешиновоОблешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување на барање од Ило Ваневски за одобрување финансии за приклучок на електродистрибутивна мрежа за Борче Димитров

1.Го прогласувам барањето од Ило Ваневски за одобрување финансии за приклучок на електродиструбутивна мрежа за Борче Димитров, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1114/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 97 став 2 од Законот за општата управна постака („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), Советот на Општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година ја донесува следната:

О Д Л У К А
За усвојување за исправка на техничка грешка

Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за 2024, 2025 и 2026г. на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево, Сл.Гласнок на Општина Чешиново-Облешево Бр. 7 од 16.06.2023, Бр. 14 од 31.10.2024 и Бр. 26 од 31.12.2025.се врши исправка на техничка грешка во точката 11. „Изменување и дополнување на урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 6 и Блок 25“ , и тоа: наместо Блок 6“ треба да стои „ Блок 16“.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1099/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина ЧешиновоОблешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за исправка на техничка грешка

1.Ја прогласувам одјавата за исправка на техничка грешка, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1113/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на ПРОГРАМА за канцелариско и архивско работење во Општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам ПРОГРАМА за канцелариско и архивско работење во Општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесена седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1112/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

ПРОГРАМА
за канцелариско и архивско работење на Општина Чешиново–Облешево

Врз основа на Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), член 22 став 1 точка 13, ставови 2 и 3, член 36 став 1 точка 15, член 48 став 1 точка 3, член 50 став 1 точки 4 и 16, согласно Статутот на Општина Чешиново–Облешево бр. 08-1130/1 од 04.06.2015 година, член 14 и член 15 став 1 точка 13, член 21 став 1 точка 44 и член 50 став 1 точка 10, согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење („Службен

весник на РМ“ бр. 1/2014 и измени „Службен весник на РСМ“ бр. 41-9080/4 од 28.11.2023 година), како и согласно Законот за архивски материјал и архивска дејност („Службен весник на РСМ“ бр. 135/2025), Советот на Општина Чешиново–Облешево донесува:
ПРОГРАМА
за уредување, воспоставување, водење и унапредување на канцелариското и архивското работење во Општина Чешиново–Облешево

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Програма се уредуваат организацијата, начинот на воспоставување, водење, управување, заштита, чување, евидентирање, класифицирање, архивирање и користење на архивскиот и документарниот материјал во Општина Чешиново–Облешево.

Член 2

Програмата има за цел:

законито и ефикасно канцелариско и архивско работење;
воспоставување единствен систем на евиденција и управување со документацијата;
обезбедување интегритет, автентичност, веродостојност и достапност на архивскиот и документарниот материјал;
заштита на службената документација од губење, оштетување, неовластено користење и уништување;
дигитализација и електронско архивирање согласно закон;
обезбедување трајно чување на архивскиот материјал.

II. ПРАВЕН ОСНОВ

Член 3

Оваа Програма се заснова на:
Законот за локална самоуправа;
Статутот на Општина Чешиново–Облешево;
Уредбата за канцелариско и архивско работење;
Законот за архивски материјал и архивска дејност;
прописите за електронско управување и електронски документи;
прописите за заштита на лични податоци;
прописите за класифицирани информации.
Канцелариското работење претставува прием, прегледување, распоредување, заведување, доставување, административно–техничка обработка, испраќање, разведување и архивирање на документите.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАНЦЕЛАРИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 4

Канцелариското работење во Општината се врши преку писарница, согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Во писарницата задолжително се врши:
прием и прегледување на документацијата;
заведување во деловодник;
здружување на предмети;
доставување во работа;
испраќање;
разведување;
архивирање.

Член 5

Градоначалникот определува:
овластено службено лице за прием и ракување со документацијата;
службено лице за водење на деловодник;
службено лице за архивско работење;
службено лице за ракување со печати и штембили;
администратор на електронскиот деловоден систем.

IV. ЕВИДЕНЦИЈА НА ПЕЧАТИ И ШТЕМБИЛИ

Член 6

За сите службени печати и штембили што ги користи Општината задолжително се води посебна евиденција. Со печатите и штембилите ракува исклучиво службено лице овластено од Градоначалникот.

Евиденцијата задолжително содржи:
реден број;

вид и опис на печатот/штембилот;
датум на издавање;
име и презиме на задолженото лице;
потпис на задолженото лице;
датум на раздолжување;
забелешки за оштетување, губење или уништување.

Член 7

Печатите и штембилите се чуваат во обезбедени службени простории, под посебен режим на контрола и пристап.

Во случај на губење, злоупотреба или оштетување на печат/штембил:
веднаш се составува службена белешка;
се известува Градоначалникот;
се спроведува постапка за поништување и изработка на нов печат;
по потреба се известуваат надлежните органи.

V. ДЕЛОВОДНО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Член 8

Општината води:
основен деловодник;
електронски деловодник;
попис на документи;
интерни доставни книги;
книга за препорачана пошта;
посебни евиденции за класифицирани документи.

Член 9

Секој примен документ задолжително се заведува истиот ден.
Доколку документот не може да биде заведен истиот ден, се заведува на почетокот на следниот работен ден пред прием на новата пошта.

Член 10

Решените предмети задолжително се:
разведуваат;
класифицираат според архивски знаци;
архивираат согласно роковите за чување.

VI. ПЛАН НА АРХИВСКИ ЗНАЦИ И ЛИСТИ

Член 11

Општината донесува:
План на архивски знаци;
Листа на архивски материјал;
Листа на документарен материјал со рокови на чување.
Овие акти се доставуваат до Државниот архив согласно закон.
Член 12
Архивскиот материјал од трајна вредност не смее да се уништува.
Документарниот материјал со изминат рок на чување се уништува исклучиво по спроведена постапка и добиена согласност од Државниот архив.

VII. ЕЛЕКТРОНСКО И ДИГИТАЛНО РАБОТЕЊЕ

Член 13

Општината воспоставува електронски систем за канцелариско и архивско работење.
Електронските документи заверени со електронски потпис не содржат отпечаток од службен печат.

Член 14

Внатрешните постапки за административно–техничка обработка на електронски документи се вршат преку информациски системи со контролирани кориснички пристапи.

Член 15

Електронскиот деловодник:
се архивира;
се заштитува со резервни копии;
се чува согласно безбедносни стандарди;
на крајот на тековната година се отпечатува или зачувува како електронски документ.

VIII. ОБВРСКИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 16

Секое службено лице е должно:
да постапува по правилата на канцелариско и архивско работење;

навремено да ги враќа решените предмети во писарница;
да не врши неовластено копирање, изнесување или уништување на документација;
да обезбеди доверливост и заштита на личните податоци.

Член 17

Раководителите на организационите единици вршат контрола над:
водењето на предметите;
архивирањето;
почитувањето на роковите;
користењето на службените печати и штембили.

IX. НАДЗОР И КОНТРОЛА

Член 18

Надзор над спроведувањето на оваа Програма вршат:
Градоначалникот;
секретарот на општината;
овластеното архивско лице;
Државниот архив на Република Северна Македонија.

Член 19

Најмалку еднаш годишно се спроведува:
внатрешна контрола на архивското работење;
попис на архивскиот и документарниот материјал;
проверка на евиденцијата за печати и штембили;
проверка на електронските архиви и резервните копии.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Градоначалникот е задолжен во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа Програма:
да донесе интерни упатства;
да назначи одговорни лица;
да воспостави евиденции;
да обезбеди услови за архивско работење;
да воспостави електронски деловоден систем.

Член 21

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службениот гласник на Општина Чешиново–Облешево.

Бр.08-1009/1
20.05.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За разрешување и именување на член на Училишен одбор во ООУ Климент Охридски-Облешево Општина Чешиново-Облешево

Член 1

-Се разрешува Мара Стојанова член на Училишен одбор во ООУ Климент Охридски-Облешево Општина Чешиново-Облешево(поради престанок на мандат).

-За Член на Училишниот одбор во ООУ Климент Охридски-Облешево,Општина Чешиново Облешево, претставник од Советот на Општина Чешиново-Облешево се именува повтотно Мара Стојанова

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1100/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново Облешево донесе:

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на член на Училишен одбор во ООУ Климент Охридски-Облешево Општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за разрешување и именување на член на Училишен одбор во ООУ Климент Охридски-Облешево Општина Чешиново-Облешево , што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1111/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново - Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За поништување на одлука со арх. Бр. 09-873/1 од 05.05.2026 година

Член 1

Се поништува одлуката со арх. Бр. 09-873/1 од 05.05.2026 година поради технички грешки.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново – Облешево„

Бр.08-1101/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на одлуката за поништувањена одлука со арх. Број 09-873/1 од 05.05.2026 година

1.Ја прогласувам Одлуката за поништувањена одлука со арх. Број 09-873/1 од 05.05.2026 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1110/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на член на Управниот Одбор на ЈУ- Детска градинка ,,Ѕвездички,, во Чешиново - Облешево

Член 1

Данче Станкова се разрешува од претставник член на Управен одбор на ЈУ-Детска градинка Ѕвездички

Мелита Ацева се именува за претставник член од Министерството за социјална политика , демографија и млади во Управниот Одбор на ЈУ-Детска градинка ,,Ѕвездички,, во Чешиново-Облешево.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново –Облешево„

Бр.08-1103/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на член на Управниот Одбор на ЈУ-Детска градинка ,,Ѕвездички,, во Чешиново – Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за разрешување и именување на член на Управниот Одбор на ЈУ-Детска градинка ,,Ѕвездички,, во Чешиново - Облешево што Советот на општина Чешиново – Облешево ја донесе на седница одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чешиново -0блешево.

Бр.09-1109/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За отстапување за користење на ситен инвентар (телескоп) на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци и ООУ “Климент Охридски” Облешево

Член 1

Се отстапува за користење на ООУ „Страшо Пинџур“ и ООУ “Климент Охридски” Облешево ситен инвентар (телескоп):

1.Телескоп -(0741 и 0742)

Член 2

Инвентарот (телескоп) наведен во член 1 на оваа Одлука да се внесе во Пописна листа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци и ООУ “Климент Охридски” Облешево.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1102/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката За отстапување за користење на ситен инвентар (телескоп) на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци и ООУ “Климент Охридски” Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката За отстапување за користење на ситен инвентар (телескоп) на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци и ООУ “Климент Охридски” Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во „Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1108/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 18 став 3 и став 5 од од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново-Облешево, а во врска со член 31 од Законот за управување со отпадот „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21 и 3/25) и член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија „Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Чешиново-Облешево, на седницата одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

Член 1

Со оваа одлука по членот 11, се додаваат нови членови 11-а и 11-б кои гласат:

Член 11-а

Општините при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, имаат различен број на гласови согласно Регионален план за управување со отпад во Североисточен и Источен плански регион односно податоци за собран отпад на ниво на општина во тони на годишно ниво.

Член 11-б

Согласно методологијата за утврдување на број на гласови (400 тони отпад бројат 1 глас) на општините основачи при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе утврдена во членот 11-а распоредот на гласови е следен:

Општина	Жители *	kg/жител/ден	Отпад t/год	Коефициент на гласови
Куманово	~98.000	0.95	~34.000	85
Штип	~41.000	1.00	~15.000	37,5
Кочани	~31.000	0.90	~10.200	25,5
Свети Николе	~18.000	0.85	~5.600	14
Делчево	~17.000	0.80	~5.000	12,5
Крива Паланка	~18.000	0.78	~5.100	12,75
Пробиштип	~15.000	0.75	~4.100	10,25
Виница	~17.000	0.65	~4.000	10
Липково	~27.000	0.40	~3.900	9,75
Берово	~11.000	0.75	~3.000	7,5
Кратово	~9.000	0.60	~2.000	5
Чешиново-Облешево	~7.000	0.60	~1.500	3,75
Македонска Каменица	~6.000	0.60	~1.300	3,25
Карбинци	~4.000	0.55	~800	2
Пехчево	~5.000	0.45	~820	2,05
Старо Нагоричане	~3.000	0.55	~600	1,5
Зрновци	~2.000	0.55	~400	1
Ранковце	~3.500	0.45	~575	1,44
	Вкупен број на гласови			244,74

Член 2

Со промена на генерирана и дистрибуирана количина на отпад на годишно ниво од секоја општина ќе биде менуван коефициентот на вредност на бодови на секоја општина поединечно заклучно со 31 јануари секоја година.

Член 3

Со оваа Одлука членот 12 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„Органите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално – финансиско работење и Директор.

Управниот одбор се состои од седум членови.

Членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие ги именуваат, односно разрешуваат основачите на јавното претпријатие.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

За член на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во заедничкото јавно претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 4

Членот 13 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„За вршење контрола на материјално – финансиското работење на заедничкото јавно претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните, економските, природни науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуствi и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именуваат, односно разрешуваат основачите на заедничкото јавно претпријатие.

Член 5

Членот 14 се менува и гласи:

Постапката за избор на Директор се спроведува од страна градоначалникот на општината во кој ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе има седиште.

Градоначалникот на општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе има седиште формира комисија за административна селекција на кандидатите за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, по претходна согласност на мнозинство на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе.

Комисијата за административна селекција ја сочинуваат три члена и три заменици членови односно два претставника од општините од Североисточниот регион и еден претставник од општините од Источниот регион, додека како заменици членови се два претставника од општините од Источниот регион и еден претставник од општините од Североисточниот регион.

Изборот на членови на комисијата се врши по пат на ждрепка на состанок на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

Работата на комисијата за селекција се уредува со деловник за работа на комисијата, кој го подготвува и донесува комисијата.

Комисијата е должна да ги разгледа доставените пријави за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе и да достави предлог кандидат до Градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе. кој е должен да го именува во рок од 8 дена.

Член 6

По членот 14, се додава нов член 14-а кој гласи:

Член 14-а

За избор на членови во Управниот одбор и на Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, на предлог на градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, Советите на општините основачи, формираат Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општина основач која има најголем број на жители согласно пописот од 2021 година, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште и еден член и негов заменик, вработени во ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

Член 6

Во останатиот дел Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе останува непроменета.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи на заедничкото јавно претпријатие.

Бр.08-1104/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

1.Ја прогласувам Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1107/1
02.06.2026 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43, од Статутот на Општина Чешиново-Облешево, а во врска со член 23 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24) и Одлуката за основање на ЗЈПРУО ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, Советот на Општина

Чешиново-Облешево, на седницата одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпадЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе (во понатамошниот текст: Претпријатието), основано од општините од Источниот и Североисточниот плански регион.

Член 2

Секоја од Општините основачи на Претпријатието обезбедува средства за финансирање на Претпријатието во износ од 10 (десет) денари по жител на годишна основа,согласно со податоците од последниот попис на населението во Република Северна

Македонија, при што вкупниот износ на средствата што секоја општина е должна да ги обезбеди за Претпријатието се утврдува како производ од бројот на жители во општината и износот од 10 денари по жител за период од 01.01-31.12 во тековна година.

Член 3

Средствата од член 2 на оваа Одлука општините ги уплаќаат на сметката на Претпријатието во вкупниот износ најдоцна до 30 јуни во тековната година.

Член 4

Средствата обезбедени согласно оваа Одлука ќе се користат за:

- •тековно работење на Претпријатието;
- •одржување на опрема и инфраструктура;
- •развој на системот за регионално управување со отпад;
- •други активности во согласност со закон и статутот на Претпријатието;

Член 5

За реализација на оваа Одлука се задолжуваат градоначалниците на општините основачи на Претпријатието и директорот на Претпријатието.

Член 6

Доколку некоја од општините основачи на Претпријатието не ги обезбеди или не ги уплати средствата во роковите утврдени со оваа Одлука, ќе се смета дека истата не ја исполнила својата финансиска обврска кон Претпријатието.
Во таков случај, директорот на Претпријатието е должен писмено да ја извести општината и да и определи дополнителен рок од 30 дена за исполнување на обврската.

Доколку општината не постапи ниту во дополнителниот рок, Претпријатието може:

- •да преземе мерки за присилна наплата согласно важечките законски прописи;
- •да иницира постапка пред надлежен суд за наплата на побарувањето;
- •да предложи ограничување на користење на услугите во рамки на законските можности.

Ненавременото исполнување на обврските може да претставува основа за иницирање на постапка за одговорност, согласно со закон.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево .
Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи.,

Бр.08-1105/1
02.06.2026 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално

управување со отпадЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.05.2026 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1106/1 Општина Чешиново-Облешево
02.06.2026 год. Градоначалник
Облешево Јорданче Костадинов

СОДРЖИНА Стр.

1. **ЗАКЛУЧОК** За усвојување на Информацијата за состојбата со наводнувањето во општина Чешиново-Облешево за пролетната сеидба……..1
2. **РЕШЕНИЕ** За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со наводнувањето во општина ЧешиновоОблешево за пролетната сеидба……..……1
3. **ОДЛУКА** За усвојување на барање за услогласување на составот на Надзорен одбор на ЈПКД “Облешево” со Законот за јавните претријатија…….……1
4. **РЕШЕНИЕ** За прогласување и објавување на барањето за услогласување на Надзорен одбор на ЈПКД “Облешево” со Законот за јавните претпријатија……...2
5. **ОДЛУКА** За усвојување на барање од Ило Ваневски за одобрување финансии за приклучок на електродистрибутивна мрежа за Борче Димитров…….2
6. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на барање од Ило Ваневски за одобрување финансии за приклучок на електродистрибутивна мрежа за Борче Димитров……..2
7. **ОДЛУКА** За усвојување за исправка на техничка грешка……..3
8. РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за исправка на техничка грешка……..3
9. **РЕШЕНИЕ** За прогласување и објавување на ПРОГРАМА за канцелариско и архивско работење во Општина Чешиново-Облешево…….3
10. **ПРОГРАМА** за канцелариско и архивско работење на Општина Чешиново–Облешево…….3
11. **ОДЛУКА** За разрешување и именување на член на Училишен одбор во ООУ Климент Охридски-Облешево Општина Чешиново-Облешево…….6
12. **РЕШЕНИЕ** За прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на член на Училишен одбор во ООУ Климент Охридски-Облешево Општина Чешиново-Облешево…….7
13. **ОДЛУКА** За поништување на одлука со арх. Бр. 09-873/1 од 05.05.2026 година……7
14. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување на одлуката за поништувањена одлука со арх. Број 09-873/1 од 05.05.2026 година…….7
15. **ОДЛУКА** За прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на член на Управниот Одбор на ЈУ- Детска градинка ,,Sвездички,, во Чешиново - Облешево…….7
16. **РЕШЕНИЕ** За прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на член на Управниот Одбор на ЈУ- Детска градинка ,,Sвездички,, во Чешиново – Облешево…….8
17. **ОДЛУКА** За отстапување за користење на ситен инвентар (телескоп) на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци и ООУ “Климент Охридски” Облешево…….8
18. **РЕШЕНИЕ** За прогласување и објавување на Одлуката За отстапување за користење на ситен инвентар (телескоп) на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци и

ООУ “Климент Охридски” Облешево……...8
19. **ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе…….9
20. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе……..11
21. **ОДЛУКА** за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпадЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе……12
22. **РЕШЕНИЕ** за прогласување и објавување за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе……..…...…12
23. **СОДРЖИНА**.....13

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО